**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВИНИЦА**
**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, ЗЖС, Комунални дејности и ЛЕР**

---

БР.11 – 272/6
Од 08.08.2022 год.
Виница

Градоначалникот на Општина Виница, решавајќи по барањето на **Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово**, во Општина Виница поднесено под број 03-40/7 од 09.06.2022, за одобрување на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), го издава следното:

## РЕШЕНИЕ

Се одобрува **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ОД ИСТОЧНА ЗОНА ДО ПРОЛЕТЕРСКИ ПАТ – КМ 0+636.00 ДО КМ 1+240.00, КО ВИНИЦА, ОПШТИНА ВИНИЦА,** со технички број **10/22** од 06.2022 год. изработен од **Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово, поднесе барање за одобрување на **Урбанистички проект за инфраструктура, со дел. број** 03-40/7 од 09.06.2022 изработена од Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа ТАЈФА АРХИТЕКТИ ДООЕЛ Куманово, за изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ФЕКАЛЕН КОЛЕКТОР ОД ИСТОЧНА ЗОНА ДО ПРОЛЕТЕРСКИ ПАТ – КМ 0+636.00 ДО КМ 1+240.00, КО ВИНИЦА, ОПШТИНА ВИНИЦА со тех.бр. 10/22 од јуни, 2022 година.**

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Предлог за урбанистички проект (pdf,dwg)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3.Геодетски елаборат

4.Полномошно

5.Услови за планирање на просторот

6.Мислење од институции

7.Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Виница со Решение бр. 03-230 од 24.02.2022 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр.10/22 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 11-272/5 од 05.08.2022 година.

Градоначалникот на општината Виница по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

Mile Petkov Digitally signed by Mile Petkov Date: 2022.08.08 09:09:00 +02'00'

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

_______________________